РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-517/3
07.11.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 27 став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" број 32/20), член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ,,бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

# ОДЛУКА

## за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација

Член 1

Се организира јавна анкета и јавна презентација за Нацрт- Детален урбанистички план (ДУП) за Урбан Блок 1.4 , дел од УЕ 1 во Валандово со технички број 006-0802/2023 од Септември 2023 година изработен од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 ДООЕЛ Струмица.

Член 2

Јавниот повик за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација да биде објавен 15 дена пред започнување на Јавната анкета, во согласност со член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање.

Член 3

Јавната анкета да трае најмалку 30 (триесет) дена од денот објавен во Јавниот повик.

Член 4

Во текот на траењето на Јавната анкета ќе се спроведе Јавна презентација.

Член 5

Планот за време на јавната анкета и јавната презентација, да биде изложен на јавно место и презентиран во електронска форма.

Член 6

Заинтересираните граѓани и правни лица, во предвидениот рок за Јавна анкета може да дадат свои забелешки на АНКЕТНИ ЛИСТОВИ кои може да ги добијат во архивата на Општина Валандово, како и на веб страната на Општина Валандово и на електронскиот систем е-урбанизам.

Член 7

Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Илија Матеев

Одобрил: Ѓоко Аврамски

Gjoko Avramski
Digitally signed by Gjoko Avramski
Date: 2023.11.07 13:40:04 +01'00'

Општина Валандово
Градоначалник
Перо Костадинов

Pero Kostadinov
Digitally signed by Pero Kostadinov
Date: 2023.11.07 13:39:52 +01'00'